Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на Република Македонија" бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 224/24) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **Друштво за производство, промет и услуги Хемиски Инженеринг ДОО - Скопје**, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: расчистување на урбано зеленило ( останато зеленило ) нискостеблеста и високостеблеста самоникната вегетација што се наоѓа **на ул. "Борис Трајковски" бр.73 (простор во поранешна фабрика ОХИС), почнувајќи од бензиската станица кај Градина на Бул. Борис Трајковски, заклучно со патот што води накај Хемтекс – Скопје.**

2.Расчистувањето на вегетацијата ќе го изврши односно организира барателот најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на ова решение.

3.Расчистувањето на вегетацијата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**Друштво за производство, промет и услуги Хемиски Инженеринг ДОО - Скопје, ул. "Борис Трајковски" бр.73,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-6/31** од **28.01.2026** година, за расчистување на нискостеблеста и високостеблеста вегетација што се наоѓа **на ул. "Борис Трајковски" бр.73 (простор во поранешна фабрика ОХИС) почнувајќи од бензиската станица кај Градина на Бул. Борис Трајковски, заклучно со патот што води накај Хемтекс – Скопје.**

Вработени стручни лица, од Град Скопје заедно со стручните лица од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. При тоа е утврдено дека предмет на барањето се дивоизникнати стебла и грмушки, ниска и висока вегетација, кои се надвиснати над булеварот и улицата со што има реална опасност за безбедноста на луѓето и имотот и пречка за нормално и безбедно користење на постојната инфраструктура.

Согласно член 10 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18, 42/20 и 224/24 ) останато зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување, кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица, или дадени на нивно користење.

Согласно член 11 став 1 точка 4 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18, 42/20 и 224/24) зелените површините покрај објекти за производство, дистрибуција и сервиси, мали и големи комерцијални и деловни единици, угостителски единици, хотелски комплекси и друго) се сметаат за тип на останато зеленило.

Согласно член 14 од горенаведениот закон, подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.

Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или Градот Скопје се должни да донесат решение со што ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С" или кастрење: „К").

Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило, дека зеленилото е во сотојба дека треба да се искастри, односно да се расчисти парцелата од дивоизникната ниска и висока вегетација.
Поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/31/2**
**02.02.2026** година
Скопје
**Доставено до:**
-Барателот
-Архива

изготвил:
Виш соработник
**Марија Стојановска**
________________________
контролирал:
Раководител на Одд.
**Емил Дуровиќ**
________________________
Пом.Раководител на Сектор
**Петар Гичаровски**
________________________

Градоначалник на Град Скопје
**Орце Ѓорѓиевски**
______________________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ QYTETI I SHKUPIT-SHKUP REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT